GS1 Македонија

1994 -2014

GS1 Глобален јазик на бизнисот

# Нашите први 20 години

# 20 години GS1 Македонија

## Не знаете каде одите, додека не дознаете каде сте биле

**1974**
**Формирана Американска асоцијација Uniform Code Council (UCC).**

**На 26 јуни скениран првиот производ со бар код во САД**

**1977**
Формирана Европска асоцијација (EAN), која прераснува во меѓународна - EAN International со седиште во Брисел.

**1982**
Формирана Југословенска асоцијација за нумерирање на артиклите (JANA)

**GS1 Македонија**
**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА GS1 СТАНДАРДИ**






**1994**
Формирана EAN МАК во рамките на Стопанската комора на Македонија

Издаден прв EAN-13 (GS1-13) бар код на Алкалоид АД Скопје

Издаден прв EAN-8 (GS1-8) бар код на Пивара АД Скопје

**2005**
Промоција на 1000-та членка - УКИМ ИЗИИС, Скопје

**2006**
Конституирање и Ребрендирање на EAN МАК во GS1 Македонија

Оддржан прв едукативен семинар

GS1 Македонија примена во членство во GS1 in Europe

**2007**
Воведен системот на сертифицирана Акредитација

**2008**
Меѓународна промоција на системот на сертифицирана Акредитација во Париз

**2009**
Основачко собрание на GS1 Македонија за осамостојување на GS1 Македонија.

**2010**
GS1 Македонија започнува да функционира како самостоен правен субјект

**2011**
Потпишан Меморандум за соработка со најголемите маркети и дистрибутери

**2012**
Одржана Прва меѓународна конференција за GS1 стандардите во здравството и промовиран Пилот проектот во болницата Филип Втори

Успешно завршен пилот проектот за EDI

**2013**
Успешно завршен пилот проектот за GS1 DataBar

Издаден првиот електронски весник

**2014**
Меѓународна промоција на проектот за GS1 DataBar

# Вовед

Слаѓана Милутиновиќ
Извршен директор, GS1 Македонија



Во 1973 година, индустриските лидери го избраа GS1 бар кодот како единствен уникатен стандард за идентификација на производите. Четириесет години подоцна, преку 6 милијарди бар кодови се скенираат секој ден низ светот.

Работејќи заедно, овие визионерски лидери ја формираа во 1974 година GS1 организацијата, која денес го обликува подрачјето на глобалниот пазар. Поради силната основа на која е формирана GS1 организацијата, таа им овозможи на компаниите низ целиот свет да ја зголемат видливоста во дистрибутивниот синџир. GS1 бар кодот го трансформираше светот со креирањето на глобален јазик на бизнисот.

## Глобални бенефити

GS1 системот на стандарди нуди глобален, прифатлив, униформен начин за идентификација, прифаќање и споделување на информациите низ дистрибутивниот синџир. GS1 решенијата станаа основа за бизнис процесите за повеќе од еден милион компании. Овие оптимизирани методологии ги поврзуваат компаниите преку географските и културните граници, дозволувајќи им на корисниците да ја искористат моќта на информациите за да ги подобрат животите на луѓето.

## Многу повеќе од бар код

GS1 работи на голем број други иновации за нејзиниот глобален јазик на бизнисот. За да се задоволат барањата на корисниците, GS1 системот на стандарди денес ги вклучува GS1 DataBar и GS1 DataMatrix симбологиите, кои се дизајнирани со цел да се унапредат бизнис процесите. GS1 електронскиот код на производот (EPC), кој користи тагови за идентификација преку радио фреквенции (RFID) овозможува зголемена видливост и ефикасност низ дистрибутивниот синџир и зголемен квалитет на податоците кои се разменуваат меѓу компаниите и нивните трговски партнери. GS1 eCom стандардите – кои нудат јасни упатства за креирање на електронски верзии за сите видови на бизнис документи и електронска размена на информации.

GS1 Глобалната мрежа за синхронизација на податоците (GDSN) нуди моќна алатка за сигурна и континуирана синхронизација на точни податоци и им овозможува на компаниите, кои соработуваат меѓусебно, да имаат точни информации во нивните системи.

Водени од потребата на корисниците во другите сектори, освен трговија на мало, GS1 стандардите играат важна улога во здравствениот сектор, транспорт и логистика, царина, ... Тие овозможуваат следливост, се користат како поддршка во програмите за одржливост и придонесуваат во олеснување на акциите против фалсификување и повлекување на производи, а во блиска иднина ќе обезбеди и точно и релевантно пребарување на производите по бар код на интернет.

## Како започна?

GS1 Македонија ја издава  публикацијава во оваа јубиларна 20-та година од своето постоење, со цел да ги запознае заинтересираните со временски релативно куса, но историја богата со достигнувања на денеска најраспространетиот светски стандард и со сличен историски развој на нашата национална организација, GS1 Македонија. По повод овој јубилеј, GS1 Македонија доби специјално признание од Меѓународната GS1 организација на Генералното Собрание во Берлин, во мај 2014 година. Нашиот 20-годишен јубилеј се совпаѓа со прославата на  40-годишнината  на Меѓународната GS1, бидејќи на 26

јуни 1974 е за прв пат во светот скениран производ со GS1 бар код, во Охајо, САД.

Имено, по формирањето во 1974 година на UCC- Uniform Code Council, асоцијација за САД и Канада, формирањето на Европската во 1977, која потоа прерасна во Меѓународна асоцијација (EAN International), формирањето на Југословенската асоцијација во 1982 (YANA), во 1994 година во самостојна Република Македонија, во рамките на Стопанската комора на Македонија, формирана е Македонската асоцијација ЕАН МАК во април, а во мај 1994 година на Генералното Собрание, примена е во членство во Меѓународната асоцијација EAN International.




*Патот кон иднината е незамислив, доколку не осознаеме како сме работеле во минатото*

Двете светски организации (UCC и EAN International) по соединувањето во 2005 година основаа единствена светска организација со ново име GS1, со седиште во Брисел, Белгија. Сите национални организации во следните години го сменија својот назив.

Глобалната и 111 национални GS1 асоцијации се невладини, неутрални, непрофитни и неполитички организации кои се баваат со развој, проектирање и воведување на глобалните стандарди, технологии и решенија за подобрување на ефикасноста на синџирите на набавки и испораки на стоки и услуги. Сите организации работат на единствен начин, за еден свет, користат еден глобален јазик и делуваат како една организација.

До 2005 година основниот фокус на активностите на ЕАН МАК беше основниот стандард, издавање на ЕАН броеви за баркодирање на македонските фирми, кое многу успешно се обавуваше.

Нема подобар повод и место од ова, за да се оддаде признание и благодарност на луѓето кои дадоа огромен придонес да GS1 стандардите се развијат во нашата Република и да GS1 Македонија стане тоа што е денес. Чест е да се наведе неговото име: г-дин Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија.



**Бранко Азески,**
претседател на Стопанската комора на Македонија

Како што Меѓународната асоцијација имаше свој развоен пат, па од тело задолжено само за креирање на стандарди, прерасна во комплетна интегрирана организација за стандарди и услуги, така и ЕАН МАК од 2005 година, под раководство на новиот претседател на Комората, г-дин Бранко Азески, започна со интезивен развоен процес. Благодарение на неговиот исклучителен осет за квалитетни бизнис можности и визионерскиот дух, ЕАН МАК доби снажен акцелератор во своите развојни активности. На првата Конститутивна седница, на 16.01.2006 година, извршено е ребрендирањето во GS1, избрани се органите на управување – г-дин Бранко Азески за претседател на Управниот одбор и Собранието, а г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ за директор. GS1 Македонија започна по узгорниот пат на континуиран развој, напредок и трансформација. Во февруари 2006 година GS1 Македонија е примена во членство на Европската регионална организација, GS1 in Europe.

Со цел усогласување со Статутот и актите на Меѓународната GS1 организација, започна постапка за трансформација на GS1 Македонија во самостоен правен субјект. На 21.12.2009 членките на Генералното



**Симон Наумоски,**
претседател на Управниот одбор на Витаминка АД - Прилеп

Собрание на GS1 Македонија ги официјализирaa статусните промени и основањето на самостојно правно лице, а со работа стартуваше од 01.01.2010 година. Од тогаш, претседател на Управниот одбор и на Собранието на GS1 Македонија е г-дин Симон Наумоски, претседател на Управниот одбор на Витаминка АД - Прилеп, заменик претседател е г-дин Љупчо Зиков, управител на "Капитал Медиа Гроуп" ДОО - Скопје, останати членови на УО се: г-дин Михаил Гаревски - директор на "УКИМ ИЗИИС" - Скопје, г-ѓа Соња Тасевска - управител на "Мако Маркет" ДОО – Скопје, г-дин Никола Димовски - директор за информатика во "Алкалоид" АД – Скопје, г-дин Жарко Трпкоски, директор за информатика во "Тетекс" АД – Тетово, и г-дин Благој Христов, виш менаџер за регулатива во "Македонски Телеком" АД – Скопје. Извршен директор е г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ. Соработката помеѓу Стопанската комора на Македонија и GS1 Македонија продолжи на највисоко ниво, со цел обезбедување поквалитетни услуги на македонските компании, поддршка во зголемувањето на конкурентноста, полесен пристап до светските пазари и побрзо прилагодување кон стандардите на европскиот и светскиот пазар.

Денес, со гордост можеме да констатираме дека GS1 Македонија успеа да стане препознатлива во национални и меѓународни рамки и дека е рамноправна со останатите 111 национални GS1 организации, во однос на развојните и проектните активности, како и во сé помасовната имплементација на GS1 стандардите во Република Македонија.








Членови на УО на GS1 Македонија

Среќни сме што успеавме да нашите корисници од стопанскиот и нестопанскиот сектор денес ја препознаваат GS1 Македонија како респектабилен деловен партнер, кој со својот широк спектар на услуги и бесплатна стручна помош им овозможува да ја зголемат ефикасноста, безбедноста и профитабилноста преку прифаќање и користење на стандардите. Од трговија на мало до здравство, од прехранбена индустрија до транспорт и логистика, GS1 стандардите постојано го трансформираат и подобруваат бизнисот и животот на сите нас во Република Македонија.

Низ следните содржини во публикацијава накусо ќе ги презентираме клучните области на примена на GS1 стандардите на глобално ниво и адекватните развојни активности на GS1 Македонија, тргнувајќи од 2005 година, кога тие и започнаа.




## Области на делување

Како дел од нашата мисија да им овозможиме на корисниците на GS1 системот видливост во нивните дистрибутивни синџири и да одговориме на нивните бизнис барања, ние сме во постојана соработка со македонските компании од различни индустриски и неиндустриски сектори.



# Трговија на мало

## Зајакнување на врските меѓу трговците и крајниот потрошувач

Во секторот Трговија на мало, се забележуваат континуирани промени. Линијата помеѓу електронското и "реалното" купување продолжува да исчезнува, а денешните потрошувачи купуваат во продавници, преку компјутери, паметени телефони и таблети. Луѓето бараат продукти, ги споредуваат цените и плаќаат за нив било кога, било каде и на било кој начин сакаат.

За GS1, овие континуирани промени се предизвик и можност да се помогне на овој сектор да ги изврши потребните трансформации и да постигне вистинска видливост во дистрибутивниот синџир.

Зголемената видливост е критична бизнис стратегија, бидејќи ги намалува трошоците и ги подобрува оперативните перформанси.

Потрошувачите бараат постојан пристап до точни податоци за производот, без разлика дали го купуваат во продавница или електронски. Производителите се обидуваат да им ги понудат тие податоци без да го нарушат дистрибутивниот синџир. GS1 стандардите можат да ја постигнат таа цел. Повеќе од 70% од компаниите сметаат дека мора да постои поширока адаптација на стандардите низ дистрибутивниот синџир, а 50% од нив сметаат дека GS1 треба да ја преземе водечката улога во поддршката за имплементација и прифаќање на стандардите на глобално ниво.

Успешното задоволување на овие предизвици не е лесно. Но, ние во GS1 сме убедени дека организациите ќе успеат да ги задоволат барањата на пазарот, кои постојано се менуваат.

Дознајте повеќе за нашите активности во оваа област на:



www.gs1mk.org.mk/Sektori/Trgovija/

# Проект “Акредитација”

Системот на сертифицирана акредитација воспоставен во 2007 година е во светски рамки уникатна, оригинална, сопствена креација на GS1 Македонија и претставува нов модел за утврдување и промоција на успешните фирми заслужни за развојот и имплементацијата на GS1 системот во Република Македонија.

Преку системот на сертифицирана акредитација меѓу другото се овозможува и:

- Легално и во согласност со важечките меѓународни стандарди униформно и еднозначно баркодирање на производите и услугите во Република Македонија
- Воспоставување на поефикасна правна рамка за заштита против фалсификување
- Намалување на “сивата” економија
- Јакнење на информираноста на стопанските субјекти
- Заштита на брендот и интелектуалната сопственост
- Намалување на ризиците при бизнисот
- Зголемена национална и меѓународна конкурентност на компаниите – членки
- Повисоко ниво на безбедност во дистрибутивниот синџир
- Формирање на GTIN и GLN регистар во  Македонија

## Меѓународна  промоција на системот на Акредитација

### Објава во електронското списание на GS1 GO, GS1 in Touch

**GS1 Macedonia Held its 3rd Annual General Assembly Meeting**

**Author:** Sladjana Milutinovic, CEO, GS1 Macedonia

**Organization:** GS1 Macedonia

**e-mail:** slagana@ic.mchamber.org.mk

**Blurb:** Information on GS1 Macedonia General Assembly and Management Board Meeting held on April 17th, 2008

**Article:**

The 3rd General Assembly of GS1 Macedonia promoted the newly established GS1 Macedonia Certified Accreditation System (CAS). On this occasion the members of the General Assembly of the GS1 Macedonia have been awarded with GS1 Macedonia CAS Certificate for certified business use of allocated company’s prefixes for a period of one year.



Opening of the 3rd Session of the General Assembly of GS1 Macedonia /April 17th, 2008/, Mr. Branko Azeski, President of GS1 Macedonia (left), Mrs. Sladjana Milutinovic, CEO (right)



Ms. Sladjana Milutinovic, CEO presents the Honorary CAS Certificate to Mr. Branko Azeski, President of the Economic Chamber of Macedonia and the President of GS1 Macedonia



Mr. Shefki Idrizi, Director, receives the CAS Certificate for Successful Implementation of GS1 Standards and High Business Ethic Profile of "Renova" Company, from Tetovo



Sequence from the 3rd Session of the General Assembly of GS1 Macedonia

"The Certified Accreditation System is a new model for determining and promotion of the successfulness and business ethics of GS1 Macedonia member-companies, and of promotion of the successful companies which are meritorious for the development and implementation of the GS1 System in the Republic of Macedonia", emphasized Mrs. Sladjana Milutinovic, CEO, presenting the first and honorary CAS Certificate with number 5310000000005 to Economic Chamber of Macedonia, the founder and the patron of GS1 Macedonia.




### Презентација на GS1 Форум 2008, Париз



# Проект “Меморандум за соработка”



GS1 Македонија во 2012 година го финализира проектот кој има за цел низ едукативни семинари, работилници како и директно остварени посети на членките да им ги предочи бенефитите од користење на GS1 системот, со цел зголемување на конкурентноста и профитабилноста во нивното работење. Завршувањето на проектот “Имплементирање на GS1 стандардите во големите маркети во Република Македонија” GS1 Македонија го промовираше на свеченоста “**GS1 Македонија и пријателите”** на 25 јуни 2012 година. Потпишаниот **Меморандум за соработка** од страна на главните менаџери од 29 големи маркети и дистрибутивни компании, јасно покажа дека се зголемил степенот на заинтересираноста и степенот на користењето на GS1 системот во деловното работење. Тоа беше и потврда дека со едукацијата, која ја спроведува GS1 Македонија (семинари, работилници, презентации, филмски проекции, преведени на македонски стручни брошури, редовни контакти со членките), фирмите ја согледуваат користа од имплементација на GS1 системот во своето работење. Претседателот на GS1 Македонија, г-дин Симон Наумоски на сите компании-потписници на Меморандумот за соработка, како и на лојални, долгогодишни членки, свечено им врачи **Благодарници за поддршката и придонесот на развојот на GS1 Македонија и имплементацијата на GS1 стандардите во Република Македонија.**







## Идни иницијативи

Скенирај и дознај повеќе

- Системот за сертифицирана акредитација во континуитет ќе продолжи и во иднина
- Соработката со маркетите и дистрибутивните синџири ќе биде основа за развој на Пилот проекти и реални имплементации на GS1 стандардите и во другите сектори



## *Со EDI по GS1 стандарди станете дел од развиениот свет*

# Електронска размена на податоците (EDI)

## Бенефити за сите учесници во електронската размена на бизнис податоците

Пред интернетот да ја доживее денешната популарност, податоците, деталите и информациите потребни за успешно завршување на процесот нарачка-до-наплата биле испечатени на хартија и испраќани низ дистрибутивниот синџир преку факс или пошта. Ваквиот начин на работа бил неефикасен, склон кон грешки и одземал премногу време, како и место за складирање на архивираните формулари и документи.

GS1 нуди докажан начин потполно да се елиминира потребата од хартиени документи во процесот нарачка-до-наплата. GS1 eCom решенијата за електронска размена на податоците (EDI) ги заменуваат хартиените формулари за нарачка, испратници, фактури и други документи со електронски бизнис пораки развиени по GS1 стандарди.

Со овие EDI пораки компаниите обезбедуваат поголема точност во дистрибутивниот синџир и намалени трошоци. Несогласувањата се намалени, плаќањето е побрзо, а целокупната видливост е значително зголемена.

Во процесот нарачка-до-наплата може да се користат GS1 XML пораки или GS1 EANCOM пораки, развиени по GS1 стандарди.

Со проценетите заштеди од **£650 милијарди** за трговците на мало, **700 тони** помалку потрошена хартија и **€14** до **€18** помали трошоци по трансакција, јасно е дека овој начин на размена на податоците е иднината.

Со користењето на EDI им се овозможува на компаниите да имаат податоци во реално време за текот на производите и трансакциите во дистрибутивниот синџир и да ги искористат истите за да направат најдобри бизнис одлуки.

Дознајте повеќе за нашите активности во оваа област на:

**www.gs1mk.org.mk/E_Com.aspx**



# Пилот проект

## “EDI – унапредување на деловните процеси по GS1 стандарди”

Воочувајќи ја се поголемата присутност на феноменот “електронско” или само “е”-работење во сите сфери од нашето живеење, GS1 Македонија презеде низа активности за да го доближи овој модерен тренд до своите членки.




Почнувајќи од 2011 година, па се до денес беа одржани 3 семинари и 10 работилници со фирмите - членки од различни сектори во различни градови низ Македонија. Низ едукација, GS1 Македонија пред повеќе од 400 учесници, ги презентираше основите на EDI по GS1 стандарди, со посебен акцент на бенефитите од неговата употреба. За поголема достапност и видливост на EDI до корисниците, GS1 Македонија изготви микро-сајт посветен на оваа област.




Како резултат на претходните активности и со оглед на тоа дека EDI како технологија е ефикасна бизнис алатка за автоматски, директен пренос на деловни пораки меѓу партнерите со голема брзина и точност, со намалени трошоци за обработка на податоци, беше спроведен прв Пилот проект посветен на EDI.

Неговото успешно завршување беше промовирано на Форумот за EDI, одржан на 23.11.2012. Голема поддршка на развојот на EDI по GS1 стандарди во Републикава дадоа Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и Марта Арсовска Томовска, заменик министер за информатичко општество и јавна администрација.



Во Пилот проектот беа вклучени 3 компании членки на GS1 Македонија - Тинекс, Пекабеско и Economy Виталиа, 2 партнери – софтверски куќи Инфо Биро и Пантеон Словенија, како и синџирот маркети Слигро.

Пилот проектот се одвиваше на ниво на електронска размена на две електронски пораки ORDERS и ORDRSP (нарачка и одговор на нарачка).

## Идни иницијативи

Скенирај и дознај повеќе

- Употреба на дополнителни електронски пораки по GS1 стандарди (DESPATCH, DESPATCH ADVICE, INVOICE, ...)
- Интерес кај останатите синџири маркети за имплементација на EDI и вклучување на бренд компаниите (Витаминка, Орбико, Нелт... )
- Обуки и работилници на теми поврзани со EDI






# Здравство

GS1 глобалните стандарди од ден на ден завземаат се позначајно место во сите области од здравствениот сектор, како на глобално ниво, така и во Република Македонија.

Над 50 водечки компании од здравствениот и фармацевтскиот сектор во Републиката ги препознаа GS1 стандардите како алатка за подобрување на процесите во сопственото работење, а со крајна цел зголемена безбедност на пациентите и намалување на трошоците.

За да се обезбеди сигурноста и интегритетот на здравствениот дистрибутивен синџир, очигледно е дека националните решенија не се ни доволни, ни ефикасни. Поради тоа, значаен чекор во здравствениот сектор е прифаќањето на единствен глобален стандард.

Владините тела во голем број земји, вклучувајќи ја и нашата, развиваат регулативи за следливост на лековите, а во тек се и бројни пилот проекти, истражувања за подготвеноста и подготовка на планови за прифаќање на GS1 стандардите.

Идентификувањето на производите во здравствениот дистрибутивен синџир е значаен дел од следливоста. Со неговата мала димензија и висок капацитет на содржани податоци, GS1 DataMatrix бар кодот е особено наменет за Здравството.

Според извештајот на **McKinsey & Company** од 2012 година, со прифаќањето на глобалните стандарди низ целокупниот дистрибутивен синџир **може да се спасат од 22.000 до 43.000 животи и да се избегнат од 0.7 до 1.4 милиони медицински грешки кај пациентите.** GS1 системот на стандарди на глобално ниво **може да спречи фалсификат лекови со вредност од десетици милијарди долари** да влезеат во легитимниот дистрибутивен синџир и **да ги намали целокупните трошоци од 40 милијарди долари**.

Во рамките на GS1 глобалната организација во 2005 год. во координација со светските фармацевтски куќи формирана е работна група за развој на системот во здравството HUG (Healthcare User Group) која работи на изнаоѓање на нови решенија и забрзување на примената на GS1 стандардите на глобално ниво.

Во HUG активно учествуваат 33 национални организации, вклучувајќи ја и GS1 Македонија. Во 2012 година GS1 Македонија формираше национална работна група за здравство, која ја има мисијата да ги развива GS1 стандардите во нашето здравство.



Дознајте повеќе за нашите активности во оваа област на:

**http://gs1mk.org.mk/S_Zdravstvo_Intro.aspx**

# Примена на GS1 стандардите во македонското здравство

## GS1 Македонија има поддршка од над 50 водечки компании од секторот Здравство и фармација во Република Македонија

Примената на GS1 стандардите, односно означувањето на фармацевтските производи со EAN-13 и EAN-8 симболите има долгогодишна традиција на нашите простори. Во 2007 година благодарение на заедничкиот ангажман со директорот на Бирото за лекови, Прим. м-р Илчо Захариев баркодирањето е внесено како законска обврска во Законот за лековите и медицинските помагала (Сл. Весник на РМ бр. 106/2007). Продуктивната соработка продолжи и со новата директорка на Бирото за лекови М-р. фарм. Катерина Алексоска, од која произлезе во 2013 година и задолжителната идентификација на медицинските помагала по GS1 симбологија во нашата земја.

GS1 Македонија од 2007 година започна со интензивни едукативни и промотивни активности за примена на GS1 стандардите во секторот Здравство. Одржани се 7 големи семинари на оваа тема со учество на домашни и странски експерти, како и со почесни предавачи – раководни лица, директори од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и Бирото за лекови, пред повеќе од 1000 учесници. Темите на семинарите секогаш предизвикуваа голем интерес не само кај еминентните претставници од здравството и фармацијата, но и кај пошироката јавност и во јавните и печатените медиуми.

Најчести теми кои беа разгледувани се: обезбедување на следливост низ здравствениот дистрибутивен синџир во фармацевтската индустрија, придобивките од употребата на едни единствени глобални стандарди кај сите учесници во здравствениот систем и создавање услови за имплементација на единствен, интегриран информационен систем во целото македонско здравство.

GS1 во последните години активностите ги насочи кон популаризација на GS1 системот во болниците и кај регулаторните тела, со низа директни презентации, работилници и стручни материјали. Нашите напори наидоа на одличен прием и прифаќање од страна на Министерот за здравство Никола Тодоров.

Веќе во 2014 година три болници се во различна фаза на имплементација на GS1 стандардите во нивното целокупно работење. Бенефитите и придобивките од употребата на глобалните GS1 стандарди во болничко работење прв ги согледа Академик д-р Жан Митрев, директор на приватната специјална болница Филип Втори и започна со нивна имплементација. Неговиот пример го следеа и две болници од јавното здравство – Универзитетската клиника за детски болести, со директорката Доц. д-р сци Аспазија Софијанова и Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија, со директорот спец. д-р Милан Ристески.

Со оглед дека најупотребуваната алатка за реализација на GS1 стандардите во здравството е GS1 DataMatrix, GS1 Македонија превзема низа активности за негова популаризација. Во склоп на тие активности го издвојуваме едукативниот семинар **GS1 DataMatrix- иднина на баркодирањето во Здравството** одржан на 21 март 2014 година. Темата предизвика голем интерес, а за тоа зборува и учество на  преку 100 еминентни претставници од сите сектори на Здравствениот систем: од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Бирото за лекови, Клиники и болници, Лекарска комора, производни фирми и дистрибутери на фармацевтски производи и медицински помагала, како и ИТ куќи кои се застапени со софтверски и хардверски решенија за имплементацијата на стандардите во Здравството.

Почесен гостин и предавач беше М-р. фарм. Катерина Алексоска, а стручни презентации за оваа тема одржаа и Никола Димовски, директор на ИТ сектро во Алкалоид, Васил Карев, менаџер за деловни решенија во Логин Системи и Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GS1 Македонија.

# Пилот проект

## Имплементација на GS1 стандардите во специјалната болницата Филип Втори - Скопје

Во Пилот проектот се користеше новата генерација на 2D бар кодови - GS1 DataMatrix за означување на: лековите, вработените, услугите, пациентите, основните средства и документите.




### Зошто GS1 DataMatrix?

- Можноста за грешка кај 2D кодовите е 10 до 20 пати помала отколку кај линеарните кодови,
- Може да издржат повеќе превиткувања и оштетувања и сеуште да се читливи,
- 2D симболите се читливи од секој агол,
- Имаат мали димензии, но голем податочен капацитат,
- Можат да содржат 2335 алфанумерички карактери и 3116 бројки.

***"Многу сме задоволни што во GS1 стандардите го најдовме клучот за реализација на нашата стратегија и визија за развој, а тоа е воведување на интегриран систем за болничко работење по светски стандарди"***

**Академик д-р. Жан Митрев**

### Бенефити

- подобрена следливост,
- обезбедување на 5-те права на пациентите,
- усогласеност со бараните здравствени стандарди за меѓународна акредитација на болницата,
- зголемена продуктивноста,
- намалени административни трошоци,
- оптимизација на залиха, контрола на потрошувачка,
- намалуважње на време на работа,
- намалување на грешки од човечки фактор во работење на болницата.





## Идни иницијативи

Скенирај и дознај повеќе

- Имплементација на GS1 стандардите во јавно здравство:
  - ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести
  - ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија
  - Градска општа болница 8-ми Септември
- Проширување на Пилот проектот во новоизградената болница "Филип Втори" со употреба на RFID технологија по GS1 стандарди

# Прва Меѓународна конференција за здравство во Македонија

Под мотото ***Глобален лек за здравството*** на 12.12.2012 беше одржана Првата Меѓународна конференција за здравство.




Актуелноста на темата предизвика огромен интерес и присуство на преку 130 учесници на настанот. Меѓу учесниците беа еминентни претставници и раководни лица од целиот здравствен и ИТ сектор.
Конференцијата свечено ја отвори Прим. М-р Илчо Захариев, директор на Бирото на лекови при Министерството за здравство на Република Македонија. Тој во своето обраќање до аудиториумот ја истакна важноста на Законот за лекови и медицински помагала, донесен во 2007 година, врз кој е изготвен Правилник за начинот на означување на лековите, во кој е дефинирана имплементација на GS1 стандардите односно задолжително секој лек на кутијата мора да има бар код. Според него, GS1 како стандард нуди одлични можности за спроведување на комплетна следливост на лековите и елиминирање на фалисификатите.



Покрај светската промоција на извештајот McKinsey & Company од страна на директорката Слаѓана Милутиновиќ, гости презентери беа еминентни експерти за GS1 стандардите: од Франција Valerie Marchand, од Велика Британија Jenny Gough, од Србија Мирослав Илиќ, кои ги пренесоа искуствата од нивните земји, низ теоретски и практичен приказ на користењето на GS1 стандардите во нивните земји.
Почесен гостин и предавач беше Ulrike Kreysa, Vice-President Healthcare. На конференцијата за прв пат беше промовиран Пилот проектот, кој што GS1 Македонија го започна во специјалната болница "Филип Втори" - Скопје, а софтверското решение го изготви Логин системи.



"GS1 стандардите овозможуваат уникатна идентификација и меѓудржавна компатибилност на решенијата во дистрибутивниот синџир."



**Ulrike Kreysa,**
**заменик претседател на Меѓународната GS1 организација, на секторот Здравство**



Учесниците на конференцијата се здобија со нови сознанија од светската пракса дека со имплементација на GS1 стандардите во процесот на следливост се овозможува ефикасна заштита од фалсификат лекови, трговски брендови, се обезбедува максимална заштита на пациентите, а производителите, дистрибуерите и болниците реализираат огромни заштеди.



# Безбедност на производите и потрошувачите

## Следливост, повлекување и спречување на фалсификат на производи со GS1 стандарди

Обезбедувањето на безбедноста на потрошувачите е област од особен интерес за регулаторните тела, производителите и трговците. Секоја грешка во овој дистрибутивен синџир може да има сериозни здравствени, правни и финансиски последици. GS1 системот на стандарди денес е најшироко распространетиот систем кој што овозможува подобрување на безбедноста на производите и потрошувачите.

Свежата храна – месни и млечни производи, пекарски производи, риба, овошје и зеленчук – опфаќа повеќе од половина од целокупната продажба во супермаркетите. Сепак, тоа е и сектор со најголемо ниво на недостаток на залихи и истовремено уништување на производи. Според ООН, секоја година се фрлаат 1.3 милијарди тони храна, а над 75 милиони луѓе заболуваат како резултат на грешки во дистрибутивниот синџир.

Во бар кодот од новата генерација GS1 DataBar-от во рамките на информациите за производот може да се содржат и датумите за употреба или најдобро до, batch/lot бројот, тежината. Способноста да се процесираат овие дополнителни информации на местото на продажба го прави процесот на купување на производите побрз и поефикасен. Континуираните проблеми во секторот на свежа храна укажаа на потребата од поголема информираност за тоа што се купува и консумира.

GS1 организацијата во соработка со светските водечки прехранбени производители, синџири маркети и трговски асоцијации развива стандардизиран пристап за подобрување на идентификацијата на производите и синхронизација на податоците за производите според потребите на потрошувачите.



Дознајте повеќе за нашите активности во оваа област на:

**www.gs1mk.org.mk/GS1BK_DataBar.aspx**

# Пилот проект

## Со GS1 DataBar -от – обезбедена следливост на производите до самото наплатно место



GS1 Македонија за прв пат во октомври 2005 година ги запозна македонските компании од прехранбената индустрија со задолжителниот процес на следливост и заострените правила на ЕУ за безбедност на храна и им ги понуди решенијата на GS1 системот за реализација на ЕУ Законот за храна и Европската регулатива за следливост EC No 178/2002 . Во следните години се одржани 8 големи семинари на оваа тема со учество на еминентни домашни и странски експерти пред повеќе од 1000 учесници. Поддршка на едукацијата на македонскиот прехранбен сектор даде и директорот на АХВ, г-дин Дејан Рунтевски. Во ноември 2012 година GS1 Македонија спроведе интерактивни работилници со вработените во сите инспекциски служби на АХВ по градовите низ Републиката, а во февруари 2013 и со менаџментот на АХВ. Паралелно се спроведуваше и едукацијата за GS1 DataBar со 50 компании од месната и млечната индустрија и 10 големи синџири на маркети.









Како резултат на спроведените едукативни и промотивни активности, GS1 Македонија започна со Пилот проектот за GS1 DataBar-от во кој земаа учество наши членки: четири компании од млечната и месната индустрија: ИМП Солета ДООЕЛ - Скопје, Промес ДОО - Скопје, Млекара АД - Битола и Идеал Шипка ДООЕЛ - Битола, големиот синџир маркети Веропулос ДООЕЛ - Скопје, кој овозможи GS1 DataBar-от да биде прочитан на каса и софтверските компании Ултранет Ултра ДООЕЛ - Скопје и Сигма-СБ ДООЕЛ - Скопје.



Успешно завршениот пилот проект е промовиран на 11.12.2013 година и за прв пат во Република Македонија и во поширокиот регион се изврши практична демонстрација како може со примена на GS1 стандардите, без големи финансиски трошоци да се реши следливоста на производите во еден сегмент од дистрибутивниот синџир, со цел да се задоволат барањата за безбедност на храна дефинирани во **EU Food Law и EC No 178/2002**, и законите во Република Македонија: **Закон за безбедност на храна за животни (Сл.весник 145/2010) и Закон за безбедност на храната (Сл.весник 157/2010)**.



Преку овој Пилот проект се овозможи следливост на производот до самото наплатно место, со што се постигна брзо и ефикасно отповикување или стопирање на продажбата на самата каса - заради изминат рок или лот на производот кој треба да биде повлечен од продажба.

Со употребата на GS1 DataBar на единиците производ се овозможија следните бенефити:

- **следливост на производите до каса**
- **контрола и увид во залихите**
- **контрола на кало**
- **јакнење на брендот на сите учесници**
- **зголемена заштита на потрошувачите**
- **задоволување на законските одредби во РМ за обезбедување на следливост и безбедност на хранат**



**„Имплементацијата на GS1 DataBar која се одвива во Македонија, ќе помогне да се подобрат следливоста и безбедноста на храната. Исто така, ќе помогне да се зголемат заштитата на потрошувачите и довербата на потрошувачите како резултат на познавањето на квалитетот на храната која ја купуваат во продавниците."**



Greg Rowe,
Директор за Продажната
Индустрија во GS1

Нашиот успешен Проект привлече глобално внимание што резултираше со негова меѓународна промоција на GS1 Глобалниот форум во Брисел во февруари 2014 година и објава во GS1 in Touch - електронско издание на Меѓународната организација за исклучителни достигнувања на националните организации.




GS1 Global Forum 2014, Брисел



GS1 Macedonia Successfully Completes GS1 DataBar Pilot Project

By Sladjana Milutinovic [mailto:smilutinovic@gs1mk.org.mk] on 18 March 2014

Following the best practices of other GS1 organisations, in 2011 GS1 Macedonia began promoting the new generation of bar codes - GS1 DataBar.

For this purpose, GS1 Macedonia organised many workshops and visited their members around the country, with presentations and explanations of the benefits of GS1 DataBar. The target group was manufactures of the meat and dairy industry and big supermarkets chains.

After the promotional campaign, participants expressed an interest to start using GS1 DataBar. The positive feedback is due to the characteristics of GS1 DataBar, besides the primary GTIN (EAN-13), that is used in the supply chains worldwide for identifying single products. GS1 DataBar contains additional information for the net weight, expiry date and batch/lot number.

By its design, it is compact and space saving. It can be divided in two rows and is smaller than EAN-13, although it contains more information. In fact, it contains information (expiry date and batch/lot number)

Извадок од GS1 in Touch

Скенирај и
дознај повеќе

# Идни иницијативи

- Реална употреба на GS1 DataBar-от за означување на месните производи и следливост по рок на употреба и лот во продавниците на Промес и Солета.
- GS1 DataBar на купони за попуст во Промес кај свежото месо.
- Употреба на GS1 DataBar-от на свежо месо во месарите на Веро, како и во другите големи маркети во Македонија.
- Имплементација на GS1 DataBar-от кај останатите бренд компании во Републиката од млечната и месната индустрија.



# GEPIR

## Доверлив и лесен пристап до информациите за компаниите

Потрошувачите најчесто имаат потреба да ги дознаат информациите за производителите на производите кои ги купиле. Дистрибутерите од друга страна сакаат да добијат контакт податоци за производителите за нарачување на нови производи. Развивачите на апликациите се соочени со проблемот да се идентификува сопственикот на даден бар код.

GEPIR може да се користи за пребарување на основните контакт информации за повеќе од 1.3 милиони компании кои го користат GS1 системот на стандарди на глобално ниво.

Во ноември 2006 година GEPIR доби и светско признание и награда “BEST CASE AWARD” за успешно електронско поврзување и умрежување на фирмите со примена на нови технологии, дефиниран како “Проект за иднината”.

### Проект GEPIR

GS1 Македонија од 1 ноември 2006 година активно се вклучи во реализацијата на Проектот GEPIR и им овозможи на своите членки:

- светска промоција и препознатливост,
- можност за деловно поврзување со над 1.300.0000 компании од светот, со едноставно пребарување на веб страницата на GS1 преку GTIN бројот на производот (бар кодот) и
- можност да странските компании стапат во контакт со македонските компании за остварување на деловен контакт.

Во GS1 Македонија, процесот на креирање на потребната документација за регистрирање на информациите за новите членки е автоматизиран процес и се врши на секои три месеци.



Дознајте повеќе за нашите активности во оваа област на:

**http://www.gs1mk.org.mk/Uslugi_GEPIR.aspx**

Скенирај и дознај повеќе

## Идни иницијативи

- Следење и адаптирање на промените кои се очекуваат во иднина во рамките на GEPIR
- Поврзување со GEPIR преку мобилни уреди со новата апликација на GS1 GO – GS1 Logger



# Промотивни, едукативни и публицистички активности на GS1 Македонија

Во фокусот на нашите активности се потребите на нашите членки.

Со цел да ја доближиме тематиката на GS1 стандардите и да им го олесниме патот на нашите членки кон нивната практична имплементација во деловното работење, постојано им нудиме помош и поддршка преку низа активности за надминување на пречките со кои се соочуваат во деловното работење и за исполнување на се поголемите и покомплексни барања на глобалниот пазар.

За таа цел GS1 Македонија спроведува бесплатни едукативни, промотивни активности и издава стручни публикации.

Користејќи го GS1 системот на стандарди, македонските компании можат да ја зголемат својата ефикасност, намалат трошоците, зголемат профитабилноста и конкурентноста, остварат побрза бизнис комуникација и полесно ги продаваат нивните производи насекаде низ светот.

# Семинари





Од првата јавна промоција на GS1 стандардите по повод зачленувањето на 1000-та членка УКИМ ИЗИИС Скопје на 3-ти Јуни 2005 година, па преку првиот голем семинар за практичната примена на GS1 стандардите на 28-29.11.2006 година со GS1 Италија, едукативните и промотивните активности следните години се зголемуваа и проширувааа на разни области од GS1 системот на стандарди.

Одржани се повеќе семинари со домашни и странски експерти, кои предизвикаа голем интерес кај  нашите членки и пошироката јавност. Истите беа масовно посетени во просек со над 130 посетители. Темите на семинарите се однесуваа на примената на GS1 стандардите во здравството, за следливоста на производите и свежата храна, GDSN, EDI, новите бар кодови GS1 DataMatrix и GS1 DataBar.

Секој од семинарите претставува можност компаниите да се запознаат со новостите во нивниот индустриски сектор, да се запознаат со најдобрите практични примери од различни земји во светот, но и да добијат идеи на кој начин да го насочат својот иден развој за да бидат поуспешни во нивното работење.










# Обуки и работилници

Целта на обуките и работилниците е да ја доближиме тематиката на GS1 стандардите до нашите членки и им овозможиме стекнување на квалификувани знаења за GS1 системот во целина, за неговата меѓународна препознатливост и примена во различни области, за местото и улогата на GS1 Македонија во овој меѓународен систем на стандарди, со што ќе им се олесни патот кон практична имплементацијата на GS1 стандардите во нивното деловно работење и овозможи користење на бенефитите со кои се стекнуваат како членки на GS1 Македонија.





Секоја нова членка добива бесплатна обука за основите на GS1 системот и GS1 стандардите и нивно правилно имплементирање.

Во сите поголеми градови низ Македонија оддржани се интерактивни работилници со нашите членки.



Во ноември 2012 година одржана е серија работилници со инспекторатот на АХВ во различни градови низ Републиката, а во јануари 2013 и со менаџерскиот тим на АХВ.

Пополуризацијата на GS1 системот и бенефитите од неговата примена се одвива и преку настапи во јавните медиуми и објавувани написи во печатените медиуми.

Посебни теми од GS1 системот се обработени и презентирани пред студентите на Економскиот факултет при УКИМ Скопје, пред членките на Американската стопанска комора на Македонија итн.





Скенирај и дознај повеќе

Дознајте повеќе за нашите активности во оваа област на:

**www.gs1mk.org.mk/Uslugi_Nastani.aspx**



# Веб сајт




За прв пат во 2006 година е изготвена веб страница на GS1 Македонија со креирани авторски, самостојни, автентични и уникатни текстови, прилагодени на потребите и нивото на информатичката опременост на нашите членки. Со развојот на нашата организација и развојот на ИТ технологии во Македонија, нашиот сајт во 2012 година прерасна во модерен, квалитетен и кориснички ориентиран веб сајт, изработен во согласност со препораките на GS1 Меѓународната организација. Овозможено е електронско зачленување на нови членки и електронско пријавување за обуки и настани. Изработени се 10 нови микро сајтови за услугите и настаните кои што ги нуди GS1 Македонија. Сајтот секојдневно се оддржува и ажурира со најнови информации од работењето на GS1 и нуди содржини кои се помасовно се користат од сите заинтересирани - потенцијалните и постојните членки.

# Публикации и видео материјали

Со цел стручните материјали од Меѓународната GS1 организација да бидат подостапни на нашите членки, од 2011 година нашите вработени започнаа со нивниот превод и адаптација на македонски јазик. Од тогаш, преведени се повеќе од 40 публикации и повеќе од 30 едукативни видео материјали, кои се поставени на сајтот на GS1 Македонија



# Социјални мрежи

Во време кога социјалните мрежи стануваат се повеќе користени како извор на информации за нивните корисници, GS1 Македонија активно работи на свое популаризирање во рамките на овие мрежи. Активностите за популаризација на GS1 на социјалните мрежи се одвиваат секојдневно со поставување на интересни содржини од работењето на GS1 и GS1 Македонија. Скенирај и следи не на:

www.facebook.com/GS1.Macedonia

http://www.linkedin.com/company/gs1-macedonia

www.twitter.com/GS1Macedonia

www.youtube.com/user/GS1Macedonia

# Верификација

Во светот денес се скенираат преку 6 милијарди бар кодови. Над 1 милион компании низ светот ги користат GS1 стандардите во нивното работење и задоволување на корисничките очекувања. Ова значи дека доколку бар кодовите не можат да бидат соодветно декодирани, тоа ќе ја чини компанијата време и пари. Денес, точно и правилно генерираните GS1 бар кодови се највиталниот дел од дистрибутивниот синџир, бидејќи со нивно скенирање се пренесуваат брзи и точни информации.

GS1 Македонија од 2013 година воведе нова услуга за своите членки – Верификација на бар кодовите.

Преку верификацијата се овозможува потврда дали бар кодот е во согласност со GS1 и ISO стандардите и можност за откривање на сите несогласувања - потенцијални грешки во генерираниот бар код. Во изминатите две години голем број компании пројавија интерес за оваа нова услуга, а дел од најеминентните компании во Македонија се редовни корисници на верификацијата.

Скенирај и
дознај повеќе

Дознајте повеќе за нашите
активности во оваа област на:



http://www.gs1mk.org.mk/Uslugi/Verifikacija/

## Софтвер за генерирање на GS1-128 бар код и логистичка етикета

Како одговор на големиот број барања од нашите членки за означувањето и етикетирањето на хиерархиските пакувања при извоз во странство - правилно генерирање на GS1-128 баркодови за означување на транспортни кутии и GS1 логистички етикети за означување на палети, вработените во GS1 Македонија во 2013 развија сопствено веб базирано софтверско решение со кое се олеснува имплементацијата на GS1 стандардите во македонските компании.

Софтверот е наменет за извозно ориентираните компании, особено мали и средни претпријатија, кои немаат интегриран информационен систем имплементиран во самиот процес на производство.

Услугите се поделени во два пакети:

- Основен пакет, во кој е содржана изработката на GS1 -128 баркодови, кои потоа може да се интегрираат во етикетите на транспортните кутии.
- Премиум пакет, вклучува изработка на GS1 -128 баркодови и изработка на GS1 логистичка етикета (хомогена или хетерогена) за означување на палети и нивно директно печатење.

Дознајте повеќе за нашите
активности во оваа област на:



http://gs1mk.org.mk/LogistickaEtiketaSoftver.aspx

Скенирај и
дознај повеќе

# GS1 Каталог

## Глобална синхронизација на податоците за производите - GDSN

GDSN овозможува да компаниите и организациите ги користат податоците за про-изводите со внесување на податоците само еднаш и споделување на истите неограничен број пати. Следејќи ги најновите трендови за синхронизација на податоците, GS1 Македонија изработи GS1 Каталог кој ќе им помогне на корисниците да ги намалат или елиминираат грешките, да ја зголемат продуктивноста и видливоста и да ги почитуваат најновите ЕУ регулативите.



Во светот постојат 29 официјални GS1 каталози кои се меѓусебно поврзани во посебна мрежа преку која се овозможува дистрибутивен начин на чување на податоците, а пристапот до податоците се врши транспарентно без разлика на географската локација и избраниот GS1 каталог.

Глобалниот регистар на GDSN веќе содржи 14 милиони регистрирани производи, дуплирајќи го бројот на GTIN-овите во последните 3 години – што е уште една потврда за актуелноста на овој проект.

GS1 Македонија во 2014 година изработи сопствен GS1 Каталог, кој што во соработка со своите членки (производители, дистрибутери, маркети,...) ќе го пополнува во наредниот период. Секоја членка и учесник во овој проект ќе има бенефити во рамките на нејзиното работење:

- сите компании (мали и големи) ќе може да ги популаризираат нивните производи и да ја зголемат видливоста на своите производи
- извозните компании (особено компаниите кои извезуваат во земјите од Европската унија) ќе може да го користат каталогот како начин за исполнување на EU 1169/2011 регулативата, која ќе биде задолжителна од 2015 година
- малите компании без информациони системи, ќе може да го користат електронскиот каталог за менаџирање на податоците за своите производи
- дистрибутивните куќи и маркетите ќе можат да ги добиваат податоците за сите нови производи во структуриран начин и истите да ги користат автоматски во нивниот систем




Скенирај и дознај повеќе




Дознајте повеќе за нашите активности во оваа област на:

**http://www.gs1katalog.mk**

# GS1 низ бројки во светот

| GS1 Здравство | |
|---|---|
| 1 | Глобална корисничка група за Здравство (Healthcare User Group), која учествува во успешниот развој и имплементација на глобалните стандарди, основана од експерти за подобрување на безбедноста на пациентите и ефикасноста на здравствениот дистрибутивниот синџир |
| 7 | Големи семинари одржани од страна на GS1 Македонија за примената на GS1 стандарди во фармација и здравство, со домашни и странски експерти |
| 24 | Глобални конференции беа организирани со цел да се понуди уникатна платформа за сите засегнати субјекти во дистрибутивните синџири во здравствениот сектор од целиот свет |
| 30 | Електронски весници беа објавени кои ги опфаќаат значајните настани и одлуки на владини и регулаторини тела за прифаќања на GS1 стандардите, како и вести од целиот свет и глобалните и локалните активности во GS1 Здравство |
| 33 | Членки организации формираа национални GS1 кориснички групи од областа на здравството, вклучувајќи ја и GS1 Македонија |
| 25 | Претставници од GS1 глобалната организација и GS1 националните организации формираат Leadership тим, кој што се среќава еднаш неделно |
| 87 | Здравствени организации и компании се моментално членки на глобалната здравствена корисничка група, а нивниот број се зголемува постојано |
| 22.000-43.000 | животи можат да се спасат со имплементирање на GS1 стандарди низ глобалниот здравствен дистрибутивен синџир |
| 0.7 - 1.4 милиони | пациенти во светот можат да избегнат инвалидитет со примена на GS1 стандардите во здравството |
| $40-100 милијарди | намалени трошоци во здравството ширум светот |
| **GS1 DataBar** | |
| 1/3 | од произволената храна се фрла секоја година поради изминат рок на употреба (според Организацијата за храна и агрикултура на Обединетите нации) |
| 11 | години GS1 организацијата работи на дефинирање на карактеристиките на GS1 DataBar-от, негова промоција, прифаќање и имплементација во дистрибутивниот синџир на индустријата за свежа храна |
| 13 | GS1 национални организации активно учествуваат во имплементацијата на GS1 DataBar бар кодот на малопродажното место за наплата до 2014 година, меѓу кои и GS1 Македонија |
| $23.302 | годишна заштеда по продавница со имплементација на GS1 DataBar-от во продавниците во рамките на месната индустрија |
| €1.6 милијарди | се потрошени во Белгија во индустријата за свежа храна поради изминат рок на храната |
| $458 милијарди | изгубени во индустријата за свежа храна секоја година поради неправилно означување на храната и храна со изминат рок на употреба (25%) |

| | |
|---|---|
| 4% | од целокупниот профит на трговците од продажбата на свежа храна се троши поради отфрлање на храна или недостаток на залихи |
| 80% | од времето се троши на прочистување на базите на податоци и процесирање на податоците. Со GS1 DataBar –от времето се намалува на 20% |
| Милијарди $ | можат да се заштедат доколку се намали количеството на отфрлена храна за само 1% |
| 2014 | е годината во која се очекува финална имплементација и користење на GS1 DataBar –от на местото на наплата/каса – POS (Point of Sale) |
| **GS1 бар кодовите во малопродажба** | |
| 6 милијарди | баркодови се скенираат секојдневно низ светот |
| 1046 | компании членки на GS1 Македонија активно се вклучени во имплементацијата на GS1 стандардите, кои им го олеснуваат деловното работење |
| 1.773.927 | доделени баркодови на нашите членки, со кои ги означуваат производите кои се дистрибуираат и продаваат низ целиот свет |
| **Милиони** | **бар кодови скенирани низ целиот свет, додека ги прочитавте овие податоци!** |
| **GS1 стандардите во EDI** | |
| 5% | помалку недостаток на залихи на светско ниво |
| 61 | час намалено време на достава на светско ниво |
| 10.000 | спасени дрва во Шпанија со употребата на EDI |
| 28 милиони | нарачки се разменуваат секоја година во комерцијалното работење |
| 700 | тони помалку потрошена хартија во Франција во текот на една година |
| 3 | македонски компании започнаа со користењето на EDI по GS1 стандарди |
| **GS1 GDSN** | |
| 14 милиони | производи во мрежата на каталози во мај 2014 година |
| 29 | официјално верификувани светски каталози |
| 30.000 | внесени GLN-ови на компании во GDSN во мај 2014 година |
| 89% | од производите се означени со Глобалната класификација (GPC) во рамките на GDSN |
| 96.4% | просечна точност на податоците, кои се разменуваат меѓу учесниците во GDSN |
| **GS1 Верификација** | |
| 26% | поголема брзина во скенирањето на GS1 верификуваните бар кодови во однос на неверификуваните GS1 бар кодови кои се користат во дистрибутивниот синџир |
| 2.700 | работници на каса годишно се потребни за надминување на проблемите со неверификуваните баркодови |
| Десетици | македонски компании ја користат оваа услуга со цел да го подобрат и потврдат квалитетот на баркодовите на нивните производи |



Го издвојуваме Интернационалното признание на активностите на GS1 Македонија преземени за популаризација на прославата на 40-та годишнина на GS1 Global Office, февруари 2014, Брисел, во конкуренција на 111 земји членки на GS1 во светот.

Во развојниот пат кој го поминавме изминатите 20 години, остваривме многу корисна соработка со бројни институции и организации. Со нив го споделуваме нашето чувство за успешност во досегашната примена на GS1 системот на стандарди во нашата земја. Изрази на благодарност за соработката и дадената поддршка во оваа пригода ги упатуваме до сите наши членки, особено до учесниците во проектите, до членовите на Управниот одбор и до институциите: Стопанската комора на Македонија, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Бирото за лекови, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за информатичко општество и администрација. Од оваа соработка произлегоа бројни резултати и успешни проекти.

**Поглед кон иднината**

Пред нашата Асоцијација се нови и значајни предизвици.  Не очекува работа на примена на GS1 системот на стандардите и во други области кои сега не ги користат како на пример: во царинските служби и во системот на одбрана. Најголем предизвик ќе биде масовното учество на македонските компании во ново креираниот GS1 каталог на македонски производи со кој ќе се обезбеди извор на доверливи и точни информации за производите. Визијата и мисијата на овој каталог е во иднина да стане основа за развој на е-комерција и електронска размена на податоци.

Ние во GS1 Македонија сме горди што за релативно кус период успеавме да ја зголемиме општата свест за неопходноста од примената на новите технологии и методи во сите области и сектори и да придонесеме за развој и оптимизација на GS1 глобалните стандарди и решенија во нашата земја.

Сите наши идни активности ќе бидат и понатаму насочени кон задоволување на потребите на нашите членки и да **GS1 ВИЗИЈАТА СТАНЕ РЕАЛНОСТ.**

**www.gs1mk.org.mk**